**Известување за концентрација со која Пиомбино Гроуп а.с, Република Чешка ќе стекне самостојна контрола над УРЦ Системс, спол. с р.о., Република Чешка**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 21.03.2024 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доставено известување за концентрација која се однесува на стекнување на самостојна контрола од страна на Пиомбино Гроуп а.с. (Piombino Group a.s.), со регистрирано седиште на адреса Генерала Пику 430/26, Дејвице, 160 00 Прага 6, Република Чешка над друштвото УРЦ Системс, спол. с р.о. (URC Systems, spol. s r.o.), со регистрирано седиште на адреса Враховицка 825/156б, Враховице, 798 11 Простејов, Република Чешка.

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:**

**Пиомбино Гроуп а.с.** е друштво кое припаѓа на JX Групацијата, базирана во Република Чешка. Основен дел од JX Групацијата е Рокавеј Групацијата. Деловните активности на Рокавеј Групацијата примарно опфаќаат електронска трговија, онлајн туристички услуги, финансиски технологии, објавување на книги и други медиуми, ризичен капитал и инвестиции во развој на недвижности.

JX Групацијата во Република Северна Македонија е присутна преку Џирафа (Gjirafa) Групацијата, над која остварува заедничка контрола. Џирафа (Gjirafa) Групацијата оперира со алатка за пребарување на албански јазик, платформа за видеа/вести, онлајн маркетнг платформа и платформа за електронска трговија фокусирана на Албанија, Косово и Република Северна Македонија.

Групацијата на Подносителот е присутна во Република Северна Македонија преку зависното друштво:

- Друштво за електронска трговија и услуги ЏИРАФА ДООЕЛ Скопје со регистрирано седиште на адреса Јадранска магистрала бр. 86, Скопје.

**УРЦ Системс, спол. с р.о.** е основано во 1998 година со цел имплементација на решенија поврзани со одбрана. Поточно, Целното друштво нуди решенија во следните области: борбено електронско извидување и наблудување, заштитно и комуникациско попречување на радио-сигнали, мерки против дронови и државни безбедносни сили. Целното друштво

им обезбедува сеопфатен синџир на вредност на своите клиенти, вклучително истражување и развој, производство, пост-продажни услуги и едукација и тренинг на корисниците.

УРЦ Системс, спол. с р.о. нема зависни друштва и не е присутно на пазарот на Република Северна Македонија на ниту еден начин.

Планираната концентрација настанува со стекнување на директна самостојна контрола од страна на Подносителот над Целното друштво, преку стекнување на удели.

По однос на **релевантниот пазар на стоки** за предметната концентрација, Подносителот предлага дека дефинијата за истиот би можела да биде пазарот на продажба на производи за одбрана во Република Северна Македонија.

Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.

Комисијата ги повикува сите заинтересирани страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.

25.03.2024 година, Скопје